

# ПРИРАЧНИК ПРВ ПАТ ВО СУД НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ

## - КРИВИЧНА ПОСТАПКА-

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од
Фондацијата Отворено општество - Македонија.

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Издавач: Коалиција Сите за правично судење

Автори: Ивана Петковска, Лејла Тутиќ

Дизајн: Емилија Спасовска

Достапно единствено како електронско издание

Овој прирачник е наменет за граѓаните коишто немаат информации и насоки како треба да се однесуваат во суд доколку бидат повикани. Исто така овој прирачник ќе им даде насоки и препораки на граѓаните кои немаат доволно познавање од областа на правото, а имаат потреба од пристап до правда за заштита на нивните права во судска постапка.
Во рамки на овој прирачник накратко се дадени потребните информации за влегување во суд, а исто така е објаснет и текот на кривичната постапка во судовите на Република Северна Македонија.
Целта на прирачникот е истиот да им користи на граѓаните како алатка за полесна ориентација доколку се најдат во одредено својство во судска постапка, да се разјаснат одредени прашања и фази во постапките и нивниот тек, како и да ги насочи граѓаните при текот на судскиот процес.

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ОТВОРЕНО SOCIETY ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија.

KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

# ПРИРАЧНИК
# ПРВ ПАТ ВО СУД
# НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ

НАПОМЕНА: содржината и упатствата објаснети во овој прирачник во ниеден случај не се правен совет врз основа на кој може да се поведе поединечна постапка и не ја заменуваат правната помош од стручно и овластено лице.

**Користени кратенки:**

**ЗКП** – Закон за кривична постапка
**КЗ** – Кривичен законик
**ЕСЧП** – Европски суд за човекови права
**ЕКЧП** – Европска конвенција за човекови права

# СОДРЖИНА


**1. Што е правично судење?** ........ 6

**2. Како да се подготвите за во суд?** ........ 7

Што да земете со Вас? ........ 7

Како да се облечете за во суд? ........ 7

Каде се наоѓа судницата? ........ 8

**3. Како се одвива судењето?** ........ 9

**4. Што е кривична постапка?** ........ 12

Странки и учесници во постапката ........ 12

Кога може да поднесете приватна тужба? ........ 13

Почеток на постапката - Воведни говори на странките во постапката ........ 14

Главна расправа - Доказна постапка ........ 15

Завршна фаза – Завршни зборови ........ 17

Објава на пресуда ........ 17

**Второстепена постапка** ........ 18

Барање за повторување на постапката ........ 19

Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда ........ 19

Трошоците во кривичната постапка ........ 20

**ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА** ........ 21



# ШТО Е ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ?

Правото на фер и правично судење гарантира правичност во постапката која се води пред судот, тоа значи дека сите граѓани се еднакви пред законот. За сите граѓани постапката пред судот е иста, односно таа треба да биде јавна, брза и непристрасна, водена согласно законите со почитување на човековите права и стандардите за фер и правично судење. Правото на правично судење значи дека секој поединец има можност пред непристрасен и независен суд да ја изнесе својата одбрана и да ги изложи сите докази коишто одат во негова корист. Едно од основните начела е начелото на судење во разумен рок. Ова начело значи дека судот треба брзо и без одолжување да ја спроведе постапката.

# Како да се подготвите за во суд?

## ШТО ДА ЗЕМЕТЕ СО ВАС?

За да можете да влезете во суд, потребно е да имате документ за лична идентификација (лична карта или пасош), исто така со Вас носете ги сите документи коишто ги имате поврзано со случајот (покана, тужба, поднесоци, полномошно, докази и сл.), хартија и пенкало. Кога доставувате поднесок до судот, имајте на ум дека **ПОДНЕСОКОТ СЕКОГАШ СЕ ДОСТАВУВА ВО ДОВОЛЕН БРОЈ ПРИМЕРОЦИ**, еден примерок за судот, а по еден примерок за спротивната страна.

***Поднесок е секој писмен спис, барање или документ што се поднесува до судот.***

**ВАЖНО !**

**Доколку од судот Ви испратиле покана за присуство на судењето задолжително носете ја со себе, на поканата пишува за кој предмет, во која судница и во колку часот треба да се појавите на рочиштето.**

## КАКО ДА СЕ ОБЛЕЧЕТЕ ЗА ВО СУД?

Со оглед на тоа дека влегувате во државна институција мора да бидете соодветно облечени. Во суд не смеете да влезете облечени со кратки шорцеви и сандали, а исто така рамената не смеат да ви бидат откриени без разлика на годишното време. Во судот е забрането да носите капа на главата и наочари за сонце. Доколку не сте соодветно облечени судската полиција може да не Ви дозволи да влезете во судот.

## КАДЕ СЕ НАОЃА СУДНИЦАТА?


СУДИЈА: НН

15.03.2020 година

К-40/20, 9:00 часот, судница 9
К-123/19, 9:30 часот, судница 9
К-328/19, 10:00 часот, судница 9

На поканата за судењето го пишува бројот на судскиот предмет, името на судијата и бројот на судницата. Каде се наоѓа судницата можете да ја прашате судската полиција за да Ве упати до точната судница. Пред секоја судница, во ходникот стои табла на која ги пишува сите предмети за тој ден што се судат во таа судница и кој судија е во таа судница, а истиот распоред може да се најде и на официјалната веб страница на судот (достапни преку порталот www.sud.mk) во делот „Календар на судења“. Проверете го уште еднаш бројот на предметот со распоредот на судења од таблата која е поставена пред судницата. Бидете пред судницата 10 минути пред да започне судењето, записничарот ќе Ве повика кога може да влезете во судница.

# Како се одвива судењето?

Откако ќе Ве повикаат да влезете во судницата, има правила каде треба да седнете. Право во центарот седат судијата и поротниците, а од страна седи записничарот кој ќе го пишува записникот од сé она што ќе се случува на судењето. Во кривичната постапка, од лева страна седат јавниот обвинител, односно приватниот тужител и оштетениот, а од десна страна седат обвинетиот и адвокатот односно неговиот бранител. Додека пак, во граѓанската постапка од лева страна седи тужителот, а од десна тужениот. Јавноста седи од другата страна на судницата, наспроти судијата. Доколку судијата е веќе во судница, културно поздравете го него и присутните внатре. Доколку сé уште не е влезен судијата, правилото е дека сите мора да станат кога влегува судијата во судница. Откако судијата ќе даде дозвола, тогаш може да седнете, а судијата ќе го започне судењето. Секогаш кога се обраќате во судница, се обраќате до судот стоејќи, а не се обраќате до спротивната страна. Судењето е составено од рочишта. На секое рочиште најчесто судот ги известува странките кои дејствија ќе се преземаат на наредното рочиште, така што би можеле да се подготвите за наредното. Секогаш кога се обраќате до судот, бидете прецизни и јасни, како би можел судот да ве разбере. Најчесто судот и правниците користат терминологија којашто не е разбирлива за секого, доколку не знаете одреден термин што значи, обратете се до судијата да Ви појасни на разбирлив начин.



## ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ВОДАТ ПОСТАПКИТЕ

Судските постапки се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Во согласност со законите може да се користи и друг службен јазик и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните со Р. Северна Македонија.

***Доколку странката во постапката или друг учесник не го разбира македонскиот јазик има право на преведувач.*** [1]

## ПРИСТАПНОСТ ДО СУДОВИТЕ

На сите лица треба да им биде овозможен пристап до судската зграда, бидејќи согласно законите, рочиштето, по правило, се одржува во судската зграда. **СУДСКАТА ЗГРАДА ТРЕБА ДА БИДЕ ПРИСПОСОБЕНА ЗА ДА МОЖЕ ЕДНАКВО НА СИТЕ ГРАЃАНИ ДА ПРУЖИ УСЛУГИ И ПРИСТАП ДО ИСТАТА.** Тоа значи дека до влезот на судската зграда треба да има поставено пристапна рампа за олеснето движење на лицата со попреченост. Потоа, судот мора да има обезбедено судница на приземјето, доколку нема лифт кој е функционален, за полесен пристап на граѓаните. Во одредени случаи, судот може да одлучи рочиштето да се одржи надвор од судската зграда кога ќе најде дека е тоа нужно или дека на тој начин ќе се заштеди во време или во трошоците на постапката.

**ПРИМЕР - доколку некој учесник во постапката има сериозно нарушена здравствена состојба и поради својата возраст не е во можност самостојно да се движи, поради што не може да дојде во судската зграда, судот, односно судијата, записничарот, како и странките во постапката можат да излезат надвор од судската зграда и да земат изјава од ова лице во рамките на неговиот дом или местото каде истото престојува.**

## ЈАВНОСТ ВО ПОСТАПКАТА

**СУДЕЊАТА ВО СУДОВИТЕ ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СЕ ЈАВНИ.** Тоа значи дека секој граѓанин со наполнети 18 години може да присуствува на судењата. За да може да влезете во суд потребен Ви е само документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа-пасош). Јавноста на судењата може да биде исклучена само во случаи што се определени со закон (заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, чување на државна, воена, службена или деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита

[1] член 9 став 2 од Законот за кривична постапка / член 6 став 3 од Законот за парнична постапка

на безбедноста на сведокот, заштита на интересите на малолетникот). Кога судијата ќе одлучи да ја исклучи јавноста, за тоа мора да донесе решение коешто ќе биде образложено. Судењата според Европската конвенција за човекови права, Уставот и законите на Р. Северна Македонија се јавни, а откако ќе заврши судската постапка судот носи пресуда во името на граѓаните на Република Северна Македонија.

## ЗАПИСНИК И ЗАПИСНИЧАР



Согласно законите, сé она што се кажува во судницата за време на судењето мора да се води на записник и да се запише секој кажан збор. Записникот може да се води аудио-видео, односно да се снима судењето со камера и микрофони, во кој случај судот мора да ги предупреди присутните дека истото се снима и на крај на сите учесници во постапката да им даде CD со аудио и видео снимка од рочиштето.
Доколку записникот се води преку записничар со диктирање од страна на судијата внимавајте и инсистирајте се што мислите дека е клучно да биде внесено на истиот.

**ПРИМЕР - Доколку спротивната странка поставува прашање на сведок, а Вие сакате да приговарате на тоа прашање дека не треба да биде дозволено од страна на судот. Настојувајте приговорот да биде внесен на записник:**

**„Судија, барам на записник да биде нотирано дека приговарам на ова прашање што е поставено до сведокот и барам да не го дозволите истото.“**

**Или на пример, доколку сакате да доставите некој документ или поднесок до судот, диктирајте директно на записник за што се однесува поднесокот накратко и која е причината поради која што го доставувате.**

Откако ќе заврши рочиштето, судот ќе им даде по еден примерок од записникот на странките во постапката.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА



Судската полиција е задолжена за одржување на редот и безбедноста во судот. Најчесто судската полиција стои на влезот на судот, но може да биде и во ходниците, а ако има потреба и на самото судење додека трае рочиштето доколку се нарушува редот во судницата. Во секоја судница кадешто седи судијата има копче што судијата може да го употреби за да ја викне судската полиција доколку се наруши редот во судницата.

# ШТО Е КРИВИЧНА ПОСТАПКА?



**Кривична постапка е процес во кој што се преземаат збир на дејствија со цел да се најде сторителот на кривичното дело и согласно законот по пропишани правила за истиот да се спроведе јавно, независно и правично судење кое што ќе заврши со носење на пресуда од страна на судот.**

## СТРАНКИ И УЧЕСНИЦИ ВО ПОСТАПКАТА (ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ, ПРИВАТЕН ТУЖИТЕЛ, ОБВИНЕТ, АДВОКАТ)

Во кривичната постапка, една од странките што најчесто се јавува е државен орган, односно јавен обвинител. Во Законот за кривична постапка кај нас се предвидени два вида на постапка – редовна и скратена постапка. Редовна постапка се води за кривични дела каде што е предвидена казна затвор над 5 години, а скратена постапка се води за кривични дела за кои е предвидена парична казна или казна затвор до 5 години. Во редовна постапка суди судечки совет (совет составен од судија и поротници), а во скратена постапка суди судија поединец.

Обвинетиот задолжително треба да има бранител во следните случаи: ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, ако е определена мерка притвор, ако му се суди на обвинетиот во отсуство, во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вина, ако е поднесен обвинителен акт поради кривично дело за кое е пропишана казна затвор од 10 години или потешка казна затвор во време на доставување на обвинителниот акт. **ДОКОЛКУ ОБВИНЕТИОТ НЕМА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДА АНГАЖИРА БРАНИТЕЛ, ЌЕ ГО ИЗВЕСТИ СУДОТ, А СУДОТ МОРА ДА МУ ОБЕЗБЕДИ БРАНИТЕЛ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ.** [2] Надоместокот на бранителот по службена должност го покрива државата. Во кривичната постапка товарот на докажување е на јавниот обвинител односно приватниот тужител, тоа значи дека таа странка треба да докаже дека е сторено кривичното дело.



***Користете го Законот за кривична постапка и Кривичниот Законик како основна алатка во судскиот процес доколку се најдете како странка или учесник во истата.***

## КОГА МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ ПРИВАТНА ТУЖБА?

Постојат кривични дела коишто се гонат по приватна тужба, а рокот за поднесување тужба е 3 месеци од кога приватниот тужител дознал за кривичното дело и кој е сторителот. Приватна тужба може да поднесете за кривичните дела за кои во Кривичниот законик изрично стои дека се гони по приватна тужба (пример: телесна повреда, загрозување на сигурноста, противзаконито вршење претрес и сл.) Во Кривичниот законик е наведено посебно за секое дело кое може да се гони по приватна тужба. Приватната тужба се поднесува до надлежниот суд. За лицата кои се малолетни или им е одземена деловната способност приватна тужба може да поднесе нивниот законски застапник. Оштетениот односно жртвата која што сака да поднесе приватна тужба има право на полномошник односно да ангажира адвокат кој во текот на постапката ќе презема дејствија и ќе присуствува на рочиштата.

**! ВАЖНО !**

***Ако приватниот тужител не дојде на рочиште иако е уредно повикан ќе се смета дека тужбата е повлечена.***

[2] член 9 став 2 од Законот за кривична постапка / член 6 став 3 од Законот за парнична постапка

Судењето се состои од повеќе рочишта за главна расправа.

Главната расправа се одвива според законски утврден ред и истата опфаќа неколку фази. Главната расправа означува дека странките пред судот ќе ги изнесуваат доказите коишто се во нивна корист и ќе расправаат по предметот.

## ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА - ВОВЕДНИ ГОВОРИ НА СТРАНКИТЕ ВО ПОСТАПКАТА



Главната расправа започнува со воведните говори. Прво воведен говор дава овластениот тужител, а потоа бранителот и обвинетиот. Обвинетиот и неговиот бранител имаат право да не дадат воведен говор. Со воведните говори странките треба накратко да ја објаснат својата теорија на случај, односно што ќе докажат во текот на постапката и што ќе изведат како докази во нивна корист.

**На пример воведниот говор на јавниот обвинител може да биде: „во текот на оваа постапка со сослушување на сведоците Н.Н и И.И и материјалните докази кои што ќе ги изведеме пред судот ќе докажеме дека обвинетиот Н.Н. го сторил кривичното дело тешка кражба.“**

Откако ќе биде даден воведен говор од страна на тужителот, судијата е должен најпрво да го праша обвинетиот дали разбира за што е обвинет односно дали разбира за што се обвинува. **ДОКОЛКУ ОБВИНЕТИОТ СЕ ПРОИЗНЕСЕ ДЕКА НЕ РАЗБРАЛ ЗА ШТО Е ОБВИНЕТ, СУДИЈАТА ИМА ОБВРСКА НАКРАТКО ДА МУ ЈА ПРЕРАСКАЖЕ СОДРЖИНАТА НА ОБВИНЕНИЕТО НА НАЧИН НАЈРАЗБИРЛИВ ЗА ОБВИНЕТИОТ.**

**СЛЕДНО ШТО Е ОБВРСКА НА СУДИЈАТА Е ДА ГО ПОУЧИ ОБВИНЕТИОТ ЗА НЕГОВИТЕ ПРАВА, ОДНОСНО ДЕКА ИСТИОТ ИМА ПРАВО ДА МОЛЧИ ИЛИ ДА ДАДЕ СВОЈ ИСКАЗ, ДЕКА МОЖЕ ДА ИЗНЕСУВА ДОКАЗИ ВО СВОЈА ОДБРАНА, ДА ПОСТАВУВА ПРАШАЊА НА СООБВИНЕТИТЕ, СВЕДОЦИТЕ И ВЕШТАЦИТЕ, КАКО И ДА СТАВА ЗАБЕЛЕШКИ ВО ПОГЛЕД НА НИВНИТЕ ДОКАЗИ.** Правото на молчење значи дека обвинетиот во текот на судската постапка нема да предлага негови докази за изведување, ниту пак ќе поставува прашања на сведоците. Тоа значи дека обвинетиот ќе има пасивна улога и остава на јавниот обвинител да докаже дали е сторител на кривичното дело. Исто така, **ДОКОЛКУ ОБВИНЕТИОТ СЕ ПРОИЗНЕСЕ ДЕКА НЕ ГО РАЗБИРА ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ ВОДИ ПОСТАПКАТА СУДОТ Е ДОЛЖЕН НА ОБВИНЕТИОТ ДА МУ ОБЕЗБЕДИ ПРЕВЕДУВАЧ НА НЕГОВИОТ МАЈЧИН ЈАЗИК, ОДНОСНО НА ЈАЗИКОТ КОЈШТО ГО ЗБОРУВА.**

На крајот на поуките за правата, судијата го прашува обвинетиот дали се чувствува виновен за кривичното дело што му се става на товар, па во случај доколку обвинетиот признае вина тогаш судијата треба да му постави неколку прашања за да се провери доброволноста на даденото признание на вина (односно дали истиот можеби бил принуден на тоа) како и свесноста (поточно дали истиот е свесен за последиците коишто ќе произлезат од таквото признавање на вина). Доколку обвинетиот одговори дека е свесен за последиците, како и дека доброволно го дава признанието, во тој случај судот може да донесе пресуда врз основа на признанието.

Доколку обвинетиот се произнесе дека не се чувствува виновен, тогаш продолжува постапката со изведување на доказите коишто се предложени од странките.

## ГЛАВНА РАСПРАВА - ДОКАЗНА ПОСТАПКА



Доказната постапка е следната фаза и истата зазема централно место во рамки на главната расправа. Во оваа фаза, странките во постапката ги изведуваат своите докази, а судот тогаш за прв пат се запознава со содржината на истите. Во доказна постапка се изведуваат сите материјални и вербални докази предложени како од страна на тужителот, така и од страна на одбраната (материјални докази се документи, фотографии, видеа, аудио снимки и слично, а вербални докази се сведоци и вештаци).

Редоследот на изведување на доказите е законски утврден, при што прво се изведуваат докази на овластениот тужител, па докази на обвинетиот, а секоја страна определува по кој редослед ќе ги изведува сопствените докази. Тоа значи дека јавниот обвинител/приватниот тужител почнува прв со изведување на доказите, па откако ќе заврши тој пристапува обвинетиот кон изведување на доказите. Секоја од странките треба претходно да има доставено до судот листа на докази. Во листата на докази треба да бидат наведени и нумерирани доказите кои што сакате да ги изведете во Ваша корист. Според Законот, листата на докази треба да ја доставите пред да започне главната расправа односно пред да бидат дадени воведни говори. Доказите кои што ќе ги предложите да се изведат на судењето потребно е исто така да ги доставите до судот во оригинал. Пример ако имате договор, уплатници, медицинска документација и слично истите доставете ги до судот како би можеле да бидат презентирани на судењето. Доколку предлагате сведоци кои што сакате да бидат испитани тогаш исто така треба да доставите до судот и нивни лични податоци, како на пример име и презиме, адреса на живеење и слично како би можел судот да им испрати покана за да може да присуствуваат на рочиштето кога ќе бидат повикани за испитување.

## ВНИМАВАЈТЕ!

Докази може да предлагате пред да почне главната расправа, односно пред да се започне со давање на воведни говори.

Сведоците се повикуваат на рочиште за главна расправа со цел истите да бидат испитани за тоа што го виделе или слушнале поврзано со настанот, при што се испитуваат директно, вкрстено и дополнително. Ова преставува начин на изведување на доказите.

- **ДИРЕКТНО ИСПИТУВАЊЕ** е испитување/испрашување на сведок и вештак од страна на оној кој го предложил сведокот или вештакот.
- **ВКРСТЕНО ИСПИТУВАЊЕ** е испитување/испрашување на сведок и вештак од страна на спротивната странка.
- **ДОПОЛНИТЕЛНОТО ИСПИТУВАЊЕ** го врши повторно страната која го повикува сведокот, односно вештакот и прашањата што се поставуваат при ова испитување се ограничени на прашањата поставени во текот на вкрстеното испитување.

На овој начин би се одвивало сослушувањето на еден сведок  кој што е предложен од страна на јавниот обвинител:

**ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ:** *Ќе ве замолам накратко да опишете што видовте пред банката на ул. Македонија во 11:00 часот на ден 13.04.2020 година?*
**СВЕДОКОТ:** *Додека поминував низ ул. Македонија пред банката забележав еден дечко со црн дуксер и  мислам дека носеше црна капа на главата, далеку беше и не можам убаво да се сетам, истиот влезе во банката, а оттаму слушнав врескање, се исплашив и избегав.*
**АДВОКАТОТ НА ОБВИНЕТИОТ:** *Со оглед на тоа што кажавте дека дечкото пред банката носел црна капа на главата, но сте биле подалеку од него дали може да заклучам дека не сте го виделе неговото лице?*
**СВЕДОКОТ**: *Да.*

Вештите лица се испитуваат на истиот начин како и сведоците. Вештите лица треба накратко на јасен и разбирлив начин да го објаснат вештиот наод и мислење што го имаат направено.
**ПРЕД ДА ПОЧНАТ СВЕДОЦИТЕ И ВЕШТАЦИТЕ ДА ДАВААТ ИСКАЗ ПОТРЕБНО Е СУДОТ ДА ГИ ПОУЧИ ЗА ПРАВАТА ДЕКА МОЖАТ ДА ОДБИЈАТ ПРАШАЊЕ АКО СЕБЕСИ ИЛИ НА СВОЈ БЛИЗОК БИ НАНЕЛЕ ШТЕТА, СРАМ ИЛИ КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ И ДА ДАДАТ ЗАКЛЕТВА ДЕКА ЌЕ ЈА КАЖУВААТ ВИСТИНАТА, А ДЕКА ДАВАЊЕ НА ЛАЖЕН ИСКАЗ Е КРИВИЧНО ДЕЛО.**
Обвинетиот може да биде испитан во текот на доказната постапка, исклучиво на предлог на одбраната.
Материјалните докази се изведуваат со нивно презентирање односно читање од страна на странката која што ги предложила. На пример доколку станува збор за фотографии кои што се докази тогаш може накратко да објасните што има на фотографијата.

## ЗАВРШНА ФАЗА – ЗАВРШНИ ЗБОРОВИ

Последната фаза од главната расправа се завршните зборови кои ги даваат странките во постапката и тоа прво јавниот обвинител или приватниот тужител, а потоа одбраната, односно обвинетиот и/или неговиот бранител/и. Завршните зборови содржат сумирање на содржината на доказите изведени на главната расправа, односно заклучоци на странките за сè она што се случувало во текот на целата постапка.

**Пример за завршни зборови на адвокатот е: „ во текот на целата судска постапка, докажавме дека обвинетиот не е виновен за делото што му се става на товар. Од исказот на сведокот Н.Н јасно произлезе дека истиот стоел на поголемо растојание од лицето што стоело пред банката и не може со сигурност да го утврди идентитетот на истиот, па оттаму и не може со сигурност да каже дека тоа лице бил обвинетиот. Бараме, судот да донесе ослободителна пресуда и да го ослободи обвинетиот.**

## ОБЈАВА НА ПРЕСУДА



По правило откако судот ќе ја донесе пресудата, претседателот на судечкиот совет веднаш ќе ја објави. По исклучок, ако судот не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден по завршување на главната расправа, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на нејзино објавување.
Објавувањето на пресудата се состои во тоа што претседателот на судечкиот совет јавно ја чита изреката на пресудата и на кратко ги соопштува причините заради коишто е донесена пресудата, сето тоа во присуство на странките, нивните законски застапници, полномошници и бранители. Судот пресудата ја носи во името на граѓаните на Република Северна Македонија. Сите присутни лица стоејќи ја слушаат објавата на пресудата. По објавувањето на пресудата, претседателот на советот е должен да ги поучи странките за нивното право на жалба на пресудата.



# ВТОРОСТЕПЕНА ПОСТАПКА



Странките во постапката против првостепената пресуда која што ја донел судот имаат право на жалба во рок од 8 или 15 дена ( во зависност од предметот) од денот на доставување на пресудата. Во пресудата во делот на правната поука стои рокот за жалба. Во жалбата треба да ги наведете причините со кои сакате да ја побивате првостепената пресуда. Пресудата може да се побива поради: суштествена повреда на одредбите за кривична постапка, погрешно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право или поради одлука за одземање на имотната корист, трошоците на постапката или поради одлука за објавување на пресудата преку печат, радио или телевизија.

## ВНИМАВАЈТЕ!

Иако жалбата се поднесува до второстепениот суд (апелационен суд) таа секогаш се поднесува до основниот суд каде што се водела постапката.

Второстепениот суд ја разгледува жалбата на седница, доколку побарате судот може да закаже и јавна седница. На почетокот на седницата, судијата известител накратко ја раскажува првостепената пресуда, а потоа жалителот треба да ги објасни жалбените наводи. На крајот судечкиот совет ќе се повлече за да донесе одлука. Второстепениот суд може да одлучи:

- Да ја укине првостепената пресуда и да се врати предметот на повторно одлучување;
- Да ја преиначи првостепената пресуда;
- Да ја потврди првостепената пресуда.



Освен жалбата која што е редовен правен лек, во кривичната постапка има и вонредни правни лекови кои што можете да ги поднесете. Тоа се: барање за повторување на постапката, барање за заштита на законитоста (ова може да го поднесе само Јавниот обвинител на Република Северна Македонија) и барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда.

## БАРАЊЕ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Барање за повторување на постапката може да се поднесе доколку има правосилна пресуда, по барање на овластено лице во одредени случаи, како на пример: ако се докаже дека пресудата е врз основа на лажна исправа, лажен исказ на сведок, ако се докаже дека до пресудата се дошло со вршење на кривично дело од судијата, судија поротник или лице кое било вклучено во истрагата, ако произлезат нови докази, со правосилна одлука на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) доколку се утврдени повреди на човековите права и слободи во текот на постапката.

Барањето се поднесува до судот каде што се судел предметот, а по истиот одлучува совет составен од 3 судии.

## БАРАЊЕ ЗА ВОНРЕДНО ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА

Барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда може да се поднесе во одредени случаи предвидени во Законот за кривичната постапка и тоа доколку во текот на постапката е сторена повреда на Кривичниот законик на штета на осудениот, ако превекорувањето на овластувањето се однесува на одлуката за казната, алтернативна мерка или конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети или одземање на имотна корист, поради повреда на одредбите на кривичната постапка предвидени и поради повреда на правата на одбраната или поради повреда на одредбите

на кривичната постапка во жалбената постапка, ако таа повреда влијаела или можела да влијае врз законито и правилно донесување на пресудата или врз правото на обвинетиот на правично судење.



Рокот за поднесување на ова барање до Врховниот суд е 30 дена од денот кога лицето ја примило правосилната пресуда.

## ТРОШОЦИ ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА



Трошоците во кривичната постапка се издатоци направени во рамки на постапка којашто се водела, од нејзиното поведување до нејзиното завршување вклучувајќи ги и трошоците за преземени истражни дејствија. Трошоците во кривичната постапка опфаќаат: трошоци за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи, визуелно-тонско снимање и препис на снимки, трошоци за увид, превозни трошоци на обвинетиот, трошоци за приведување и лекување на обвинетиот, награда и нужни издатоци на бранителот, нужни издатоци за приватниот тужител, законскиот застапник, оштетениот и неговиот полномошник. Судот во пресудата ќе одлучи кој ќе ги сноси трошоците за постапката и колку изнесуваат тие. Кога судот ќе го огласи обвинетиот за виновен ќе изрече дека е должен да ги надомести трошоците на кривичната постапка. Кога судот ќе донесе ослободителна пресуда, тогаш трошоците паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија. Во случаите кога би се довело во прашање издржувањето на обвинетиот и неговото семејство, судот може да го ослободи обвинетиот од должноста за надоместување на трошоците.

# ПРИКАЗ НА КРИВИЧНА ПОСТАПКА



# ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ** - Јавен обвинител е орган којшто е овластен да ги гони сторителите на кривични дела што се предвидени во Кривичниот законик.

**ОБВИНИТЕЛЕН АКТ** – е правен поднесок кој има пропишана законска форма и којшто јавниот обвинител го поднесува до судот. Со обвинителниот акт, јавниот обвинител бара да биде поведена судска постапка и определено лице да биде осудено за извршено кривично дело.

**СУДЕЧКИ СОВЕТ** – Совет составен од 3 или 5 судии и судии поротници кои ќе го водат судскиот предмет, а на крајот ќе ја донесат пресудата.

**СУДСКА ТАКСА** – Такса којашто се плаќа на судот согласно законот, според вредноста на предметот.

**ЕКЧП** – Европската конвенција за човекови права е донесена во 1950 година од страна на Советот на Европа. Таа е меѓународен договор со кој се гарантираат човековите права, а е ратификувана од Р. Северна Македонија во 1997 година од кога е дел од домашниот правен систем.

**ИЗЗЕМАЊЕ** – е постапка со која може да се отстрани некој судија или судија поротник во постапувањето по предметот поради постоење на пристрасност во предметот. Основите за изземање се: ако судија или судија поротник: е оштетен со кривичното дело, обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, неговиот законски застапник или полномошник, му е брачен, односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до втор степен, со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик, во истиот кривичен предмет учествувал како судија на претходна постапка, учествувал во испитувањето на обвинението пред главната расправа, или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот, односно на тужителот, или е испитан како сведок или како вештак и во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива со жалбата.

**РОЧИШТЕ** – Дел од судската постапка, односно терминот којшто го закажал судот за изведување на докази или за преземање на други процесни дејствија во предметот.

**СВЕДОК** – е лице кое може да даде исказ поврзан со кривичноправниот настан. Сведокот треба да каже што видел и што слушнал или што дознал непосредно. Сведокот не смее да даде свое мислење.

**ВЕШТАК** – е лице кое треба да даде стручно мислење и подготовка од некоја област, односно вештакот е лице експерт којшто треба да изготви наод и мислење на разбирлив јазик за судот во

одредена област (пр. сообраќај, економија, градежништво и сл).

**СПИСИ** – Сите поднесоци, докази, искази и документи од предметот систематизирани во една папка.

**ПРИВАТЕН ТУЖИТЕЛ** – е лице кое поднело тужба заради гонење на кривично дело.

**ДИРЕКТНО ИСПИТУВАЊЕ** – е испитување на сведок или вештак од страна на странката која го предложила.

**ВКРСТЕНО ИСПИТУВАЊЕ** – е испитување на сведок или вештак од спротивната страна.

**ОСОМНИЧЕН** – е лице за кое се води претходна постапка (јавното обвинителство истражува дали има основано сомнение дека лицето сторило кривично дело).

**ОБВИНЕТ** – е лице против кое е поднесен обвинителен акт или предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или е поднесен предлог за издавање на казнен налог.

**ОСУДЕН** – е лице за кое е донесена правосилна судска одлука со кое е утврдено дека сторило кривично дело.

**ОШТЕТЕН** – Лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело и кое учествува во постапката доколку се приклучи кон кривичното гонење или заради остварување на имотноправно барање.